Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-230/6

12-07-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-230/1 од 16.03.2023 година, поднесена од [redacted] од Кочани против Македонски полициски синдикат за сторена дискриминација врз основ на имотен статус во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 05.07.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз лицето [redacted] од Кочани врз основ на имотен статус во областа на членување и дејствување во политички партии, здруженија, фондации, синдикални или други организации засновани на членство од страна на Македонскиот полициски синдикат.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 16.03.2023 година лицето [redacted] со адреса на живеење [redacted], Кочани, поднесе Претставка бр. 08-230/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата).

Во претставката се тврди дека подносителот членувал во Македонскиот полициски синдикат (МПС) по негова волја, но дека во тековната година неговиот личен доход е понизок, а дополнителните трошоци во семејството станале поголеми, па од таа причина барал отчленување од синдикатот. Тој тврди дека кога поднесувал изјава за отчленување од страна на претседателот на синдикалната организација при МПС во Кочани му било кажано дека без да го врати паричникот кој бу бил даден како подарок, нема да можел да се отчлени од синдикатот. Покрај тоа, подносителот наведува „се чувствувам дискриминиран по основ на финансиските средства - имотниот статус (кои ми се од особен интерес секој месец) кои ми се одбиваат на плата, во однос на други полициски службеници кои не се членови на синдикатот (кое членување и истапување е по сопствена волја), а колективниот договор важи и за нив. Од таа причина јас како помалку имотен, не сакам повеќе да плаќам за некого за кој знам дека не е синдикален член а ужива повеќе бенифиции и има поголеми примања". На крајот тој истакнува „ Едноставно не сакам да плаќам во синдикати и здруженија од причина што тие плаќања на годишно ниво ме чинат од 5000 – 6000 денари, и напоменувам дека доброволно членував како што е по Устав, и по своја волја сакам да ми престане членството во синдикатот.". Дополнително кон претставката не се доставени прилози.

Врз основа на постапувањето на Комисијата согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Македонскиот полициски синдикат на 03.04.2023 година се изјасни за наводите во претставката.
Според синдикатот наводите дека против подносителот е извршена дискриминација на начин што не му е дозволено истапување од членство на Македонскиот полициски синдикат, а на други членови непречено им е дозволено, се неосновани и невистинити. Оттаму наведуваат дека Македонскиот полициски синдикат е организација односно здружение на членови кои доброволно се зачленуваат и отчленуваат. Следствено, за уредување на односите во рамки на синдикатот во однос на членувањето е донесен Правилник за членување, права и обврски на членот и престанување на членството во Македонскиот полициски синдикат, со кои се уредува начинот на членувањето. Оттука, се истакнува дека синдикатот има ист правен однос кон сите членови и постапува еднакво кон сите барања на членовите. Согласно ваквите интерни акти се постапува со сите барања на членовите за остварување на права. Условите за истапување кои се предвидени во Правилникот важат за сите членови на синдикатот.

Дополнително, Комисијата во согласност со член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација побара податоци од Македонскиот полициски синдикат, односно важечки правилник за членување и Статут на синдикатот, податоци за тоа какви обврски има подносителот на претставката [redacted] кон синдикатот со кои се условува неговото истапување од членство во истиот, писмена кореспонденција помеѓу синдикатот и [redacted] (во вид на доставен образец – изјава за истапување од членство на [redacted] и дописи или одговори од синдикатот спрема него во врска со истапувањето); податок за датум на зачленување на [redacted] во Македонскиот полициски синдикат, како и копија од пристапницата на истиот и податоци во форма на писмени документи од претходно спроведена постапка за истапување на друг член од МПС (реализирана со краен исход на истапен член).

Синдикатот на 11.05.2023 година до Комисијата достави Одговор бр. 03-284/1 со кој ги доставува бараните податоци. Имено, во одговорот се наведува дека од органите и телата на Македонскиот полициски синдикат е донесен Правилник за членување, права и обврски на членот и престанување на членството во МПС во кој се регулирани условите и постапката за отчленување, кој е јавно достапен на увид на интернет страницата на МПС. Истиот како што наведуваат „се применува без исклучоци за сите членови на МПС без врска на верска, полова, етничка и партиска припадност". Понатаму, во врска со членот на МПС [redacted] известуваат дека при извршен увид во архивата ма МПС, утврдено е дека истиот нема доставено изјава за истапување од членството. Именуваниот е член на МПС од ноември 2018 година за што во финансиската евиденција на Министерството за внатрешни работи е констатирана уплата, односно задршка од плата по основ на синдикална членарина, за што финансиската служба на МВР врши задршка од плата исклучиво по основ на доставена пристапница, писмена согласност за членство во МПС. Во изминатиот период подносителот бил корисник на средствата од Фондот за солидарност на

синдикатот, како и се стекнал со нови права со потпишување на Колективниот договор на МВР во 2022 година, а добил и зголемување на месечната бруто плата во износ од 3.086,00 денари од минатиот месец, како резултат на активности на МПС, за што јавно се произнел и министерот Оливер Спасовски.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација, согласно член 6 од истиот Закон, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Имајќи ја во предвид ваквата фактичка состојба, Комисијата утврди дека не е сторена дискриминација врз подносителот на претставката [redacted] врз основ на имотен статус од страна на Македонскиот полициски синдикат.

Во утврдувањето на фактичката состојба, Комисијата подеднакво ги ценеше тврдењата и изнесените факти и околности од двете страни, но верба даде на фактите изнесени од страна на Македонскиот полициски синдикат.

Ова од причини што, Комисијата при утврдување на постоење на дискриминација во предвид ги зема битните обележја кои го определуваат поимот на дискриминација. Прво, постоење на определено дејствие или однесување од страна на потенцијалниот дискриминатор, во смисла на сторување или не сторување. Потоа, утврдување на последици од сторувањето или не сторувањето, во смисла дека резултирале со спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на подносителот на еднаква основа со други, во конкретниот случај право да истапи од синдикатот на еднаква основа како и другите членови. И на крај, утврдување на причинско последична врска помеѓу таквото сторување или не сторување со дискриминаторски основ, во конкретниот случај со имотниот статус.

Следствено, Комисијата согласно изнесените факти на синдикатот, утврди дека подносителот до Македонскиот полициски синдикат не поднел уредна изјава за истапување од членство. Со тоа во конкретниот случај не постои никакво дејствие или однесување од страна на Македонскиот полициски синдикат спрема подносителот [redacted], па оттука не може да постои ниту дискриминација. Ова дотолку што,

ниту самиот подносител не доставил никаков доказ за уредно поднесена изјава со приемен штембил од Македонскиот полициски синдикат и датум на поднесување или пак доказ за друг начин на уредна достава на изјавата до синдикатот.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. [redacted]
2. Македонскиот полициски синдикат, ул. 12-та Ударна Бригада бр. 2А, Скопје
3. Архива на Комисијата